Врз основа на член 22, став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија, а во врска со член 67-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14,199/14, 146/15,31/16, 39/16,71/16, 132/16,35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2023 година и Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022) и Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-1812/9 од 14.03.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.6/2023), Комисијата за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, со решение бр.11-2499/1 од 28.03.2022 година, распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош

Финансиската поддршка ќе биде со средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година од Програмата ГДО-Проекти за енергетска ефикасност, а врз основа на условите и критериумите дадени во овој јавен повик.

1. Предмет на јавниот повик е финансиска поддршка на Заедници на сопственици или овластени управители на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош во делот на:

   - Поправка и санација на постоечки лифтови и
   - Поставување нови лифтови,

   НАПОМЕНА: Во постапката за поставување нови лифтови, Заедницата на сопственици е должна да ја обезбеди целокупната потребна документација согласно позитивните законски прописи (проекти, одобренија). Општината не ги субвенционира градежните работи.

Финансиската поддршка ќе биде поддржана со финансиски средства од Буџетот на општина Карпош за 2023 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност, по принципот „прв дојден –прв услужен“, до исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на општина Карпош за 2023 година за предметната намена и тоа:

- Во висина, најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари од вкупниот износ на вредноста на поправката и/или санацијата на постоечкиот лифт или поставување нов лифт

2. Право на учество на јавниот повик имаат сите кои се регистрирани како Заедници на сопственици (ЗС) или со заедницата да управува правно лице - Управител (УСЗ) , согласно Законот за домување.

3. Услови и критериуми за учество на јавниот повик кои треба да бидат целосно исполнети од потенцијалните корисници на финансиската подршка се следниве:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 25 години.

- Заедницата на сопственици/Управителот на станбените згради да има донесено Одлука од сопствениците на станбените единици дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и/или санација на постоечкиот лифт и/или поставување нов лифт и дека сопствениците на посебните делови се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за поправка и/или санација на постоечки лифт и/или поставување нов лифт, (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 (еден) сопственик).

- Имотен лист со кој се докажува сопственоста ( не постар од 6 (шест) месеци)

– Појаснување: Потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите. Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија (за50% плус 1 (еден) сопственик).

4. Потребни документи за аплицирање/пријавување

- Пополнета Апликација - образец, потпишан/а од претседателот на заедница на сопственици или управителот.
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување или достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците).
- Решение од Централен регистар за Заедници на сопственици или Договор со Управители.
- Доказ дека Заедницата на сопственици има отворено сметка за резервен фонд, согласно одредбите од Законот за домување.
- Доказ за сопственост (имотен/и лист/ови не постари од шест месеци од 50% плус 1 сопственик).
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и/или санација на постоечкиот лифт и/или поставување на нов лифт и дека се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за поправка и/или санација на постоечки лифт и/или поставување на нов лифт.
- Заедницата на сопственици/Управителот на станбени згради да има донесено Одлука за избор на најповолна понуда за изведувач за поправка и/или санација на постоечкиот лифт и/или поставување нов лифт.
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука за избор на најповолна понуда за надзор над изведбата за поправка и/или санација на постоечки лифт и/или поставување нов лифт.

НАПОМЕНА: Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективен станбен објект.

Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија и истите е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

5. Начин и рок на доставување на пријавите

Апликациите за проектите „Финансиска поддршка  за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради“ во Општина Карпош може да се подигнат во архивата на Општина Карпош или од официјалната веб страница на Општина Карпош (karpos.gov.mk)

## ЈАВНИОТ ПОВИК Е ОТВОРЕН И ТРАЕ ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПРЕДВИДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПРЕДМЕТНАТА НАМЕНА, ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН.

Пријавите треба да се доставaт до Општина Карпош, преку пошта на адреса: ул. Радика бр.9 ,1000 Скопје, или во архивата на Општина Карпош, со назнака:
Јавен повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош.

Дополнителни информации може да се добијат на телефон:  078/486-950 и 071/350-388

Број:11-2499/2
Датум: 29.03.2023
Скопје

Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош, с.р.